Бр./Nr 12-1134/2
11-07-2025 г./v.

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 20-та седница одржана на ден 04.07.2025 година ја донесе следната

# О Д Л У К А

Пријавата со број 12-1134/1 од 21.03.2025 година, оформен по пријава со наводи против службени лица при ---- на РСМ, СЕ ОТФРЛА.

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај.

Пријавата да се достави на надлежно постапување до Инспекциски совет на РСМ.

Предметот со број 12-1134/1 од 21.03.2025 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 21.03.2025 година, поднесена е пријава со наводи против службени лица при ---- на РСМ, по сомнение за неправилности во работењето на државни просветни инспектори, со тоа што истите за една календарска година, за иста предметна состојба составиле два различни Записници од извршен вонреден инспекциски надзор во ООУ „---- " – ---- и оформен е предмет број 12-1134/1 од 21.03.2025 година. Кон пријавата се доставени прилози.

Во пријавата се изнесени наводи дека ----, државен просветен инспектор во ----, при вршење на вонреден инспекциски надзор во ООУ „---- " – ----, во врска со нереализација на Наставен план и програма на училиштето, составила Записник ИП1бр. ---- од ---- година кој Записник бил различен од Записникот ИП1бр. ---- од ---- година, кој бил составен од ---- и ----, ---- во наведениот инспекторат.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETEROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

По разгледувањето на предметните наводи, ДКСК констатира дека во случајот станува збор за наводи кои не се предмет на нејзино надлежно постапување, туку се работи за наводи по прашање поврзано со надлежно постапување на друг надлежен орган, по што оцени дека ДКСК нема надлежност за постапување во предметниот случај, а предметот ќе го достави на надлежно постапување на Инспекциски совет на Република Северна Македонија, со цел преиспитување на работењето на наведените просветни инспектори.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на ова Одлука.

Заменик претседател

м-р Билјана Каракашова Шулев

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: м-р Б.Ц., член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата